ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
СУ.бр.22/21
22.01.2021 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# И З В Е Ш Т А Ј

## За работа на Основниот суд Крива Паланка за 2020 година

### I. Извештај за статистика на предмети:

### 1. НОВОПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ:

Во 2020 година е примен вкупно 3851 нов предмет, од кои 2444 предмети на кривичниот оддел, 1117 предмети на граѓанскиот оддел и 290 т.н. административни предмети ("СУ", "СУ-ДОВ" и "СПИ").

### 2. ОБЕМ НА РАБОТА:

Во текот на 2020 година Основниот суд Крива Паланка имал во работа вкупно 4898 нови предмети, од кои 1047 се нерешени предмети од претходната година, а 3851 се новопримени предмети. Заедно со повторно заведените предмети (укинати по редовни и вонредни правни лекови и од други причини) во оваа година судот имал во работа вкупно 5036 предмети.

### 3. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ:

Во 2020 год. од новопримените 3851 предмет се решени 3898 предмети, од кои на кривичниот оддел 2514 и на граѓанскиот оддел 1094 предмети (решени се и сите новопримени 290 т.н. административни предмети). Приливот на нови предмети е совладан на ниво на суд и се решени 47 предмети од заостатокот. Заедно со повторно заведените предмети (укинати по редовни и вонредни правни лекови и од други причини) во 2020 година се решени вкупно 3992 предмети.

### 4. НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ:

На крајот на извештајната 2020 година останале нерешени 1000 предмети од сите видови.

Од вкупниот број нерешени предмети, најголемиот дел отпаѓа на следните предмети:

-778 оставински предмети доверени на нотарите;
-45 „ВПП" предмети;
-35 прекршочни предмети;
-31 спор од мала вредност ("МАЛВП");
-20 имотни спорови;
-15 „КУИКП" предмети со повикани лица на издржување на казна затвор (полнолетни);
-14 работни спорови ("РО");

-13 „К“ предмети за кривично-полнолетни;

-11 физички делби (“ВПП1”);

-11 „ИКП“-извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал;

-9 извршувања на прекршочни глоби, трошоци и паушал („ИПРК“);

-6 семејни спорови (“П2”),

-6 облигациони спора, итн.

На крајот од годината останале нерешени и 44 повторно заведени предмети (укинати по редовни и вонредни правни лекови, продолжување на прекината постапка и од други причини), така што нерешени останале вкупно 1044 предмети.

**5. ОДЛУКИ ПО РЕДОВНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ:**

Во 2020 година од вкупно решените 1467 предмети, кои подлежат на жалби до второстепениот суд, 133 предмети или 9,06 % се потврдени, 21 предмет или 1,43 % се преиначени, 35 предмети или 2,38 % се укинати и 2 предмети или 0,13 % се делумно укинати.

**6. ОДЛУКИ ПО ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ:**

Од вкупно примените 6 одлуки по вонредни правни лекови во 2020 год., 2 се потврдени (33,33 %), 2 се отфрлени (33,33 %) и 2 (33,33 %) се со одлуки на друг начин.

**7. РАБОТА ПО УКИНАТИ ПРЕДМЕТИ:**

Во извештајната 2020 година во работа биле вкупно 40 предмети со укинати одлуки од повисоките судови, од кои: 7 кривични (полнолетни), 10 прекршочни, 5 „МАЛВП“, 2 „РО“, 3 „ВПП“, 9 “П1”, 1 „П2“ и 3 „П4“ Во истата година се решени вкупно 26 вакви предмети, од кои: 4 кривични (полнолетни), 10 прекршочни, 1 „МАЛВП“, 2 „РО“, 3 „ВПП“, 4 “П1”, 1 „П2“ и 1 „П4“. Останале нерешени вкупно 14 предмети, од кои: 3 кривични (полнолетни) и 11 парнични предмети (4 „МАЛВП“, 5 „П1“ и 2 „П4“).

**8. СТАРИ ПРЕДМЕТИ:**

Во 2020 година Основниот суд Крива Паланка имаше во работа вкупно 34 стари предмети, од кои: 3 “К”-кривични (полнолетни), 8 предмети со повикани лица на издржување казна затвор-полнолетни (“КУИКП”), 9 прекршочни предмети, 5 спора од мала вредност („МАЛВП“), 1 работен спор („РО“), 1 вонпарничен предмет („ВПП“), 2 физички делби (“ВПП1”), 3 облигациони спора („П4“), 1 со определени дејствија во претходна постапка („К-ПП“) и 1 предмет за кривичен совет во претходна постапка вон главна расправа („КС-КР“). Последните два предмети всушност не се стари предмети, бидејќи во првиот случај се работи за предмет К-ПП.бр.15/18, примен на 22.08.2018 год. од Основниот суд Куманово, за спроведување на мерка на претпазливост определена од тој суд, а во вториот случај се работи за предмет КС-КР.бр.47/20, примен на 27.07.2020 год., во кој се одлучувало за повторување на постапката во предмет од 2015 година.

Од вкупниот број 34 стари предмети, решени се вкупно 24 предмети, а нерешени останале вкупно 10 стари предмети, од кои: 1

"К"-кривичен (полнолетни), 4 предмети со повикани лица на издржување казна затвор-полнолетни ("КУИКП"), и тоа: 2 од 2017 година и 2 од 2018 година, 2 „П4" од 2018 год., 1 „МАЛВП" од 2018 год., уште 1 „МАЛВП" предмет од 2018 год., кој всушност не е стар предмет оти се работи за продолжување на прекината постапка во предметот МАЛВП.бр.49/18 и претходно спомнатиот К-ПП.бр.15/18.

Во истата година се јавуваат како стари и 600 оставински ("О") предмети, доверени кај нотарите, од кои се решени 93 предмети, а нерешени останале 507 предмети. Од овие 507 предмети, 16 не се стари предмети, бидејќи се работи за предлози за расправање на новопронајден имот од оставина, така што фактички како стар-нерешен се јавува 491 оставински предмет (1 од 2010 год., 21 од 2011 год., 21 од 2012 год., 48 од 2013 год., 49 од 2014 год., 38 од 2015 год., 57 од 2016 год., 96 од 2017 год. и 160 предмети од 2018 год.).

***А. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ:***

**1. Определени дејствија во претходна постапка ("К-ПП"):**

Во 2020 година се примени 14 нови предмети со определени дејствија во претходна постапка ("К-ПП") и заедно со нерешениот предмет од претходната година, во работа биле вкупно 15, од кои се решени 13 предмети, а нерешени останале 2 предмети.

**2. Кривични ("К") предмети-полнолетни:**

Во изминатата година се примени во работа 155 нови кривични (полнолетни) предмети и заедно со нерешените 13 од 2019 година, судот во работа имал вкупно 168 редовни предмети (вкупно 211 предмети заедно со 43-те повторно заведени предмети по редовни и вонредни правни лекови, барања за повторување на кривичната постапка и од други причини). Од овие предмети се решени 155 редовни предмети и 38 повторно заведени предмети, односно решени се вкупно 193 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 13 редовни предмети и 5 повторно заведени предмети.

Кај кривичните предмети (полнолетни) приливот на нови предмети е совладан.

Во 2020 година квалитетот на пресудување кај овој вид предмети е следниот: Решени се вкупно 193 предмети, од кои во постапка по жалба се потврдени 14 или 7,25 %, преиначени се 4 или 2 % и 5 или 2,59 % се укинати.

**3. Прекршоци ("ПРК"):**

Во текот на 2020 година се примени во работа 350 нови предмети и заедно со нерешените 97 од претходната година, судот во работа имал вкупно 447 редовни прекршочни предмети, а вкупно 463 предмети заедно со повторно заведените 16 прекршочни предмети. Од овие предмети се решени 412 редовни предмети и 15 повторно заведени предмети (вкупно 427 предмети), а на крајот на годината останале нерешени 35 редовни предмети и 1 повторно заведен предмет.

Кај прекршочните предмети приливот е совладан и решени се 62 предмети од заостатокот.

Во 2020 година квалитетот на пресудување кај овој вид предмети е следниот: Решени се вкупно 427 предмети, од кој во постапка по жалба се потврдени 31 или 7,25 %, преиначени се 10 или 2,34 % и укинати се 16 или 3,74 %.

Во извештајната година се издадени и 17 "ПРК-Р" потврди.

**4. Кривичен совет вон главна расправа ("КС"):**

Во 2020 година во работа имаше вкупно 81 предмет од надлежност на кривичниот совет вон главна расправа, од кои 7 се нерешени предмети од претходната година, односно во работа беа: 75 "КС-КР", 1 "КПОВ", 1 "ПРК-ПОВ" и 4 "УО" предмети. Од нив се решени 80 предмети, а останал нерешен 1 "КС-КР" предмет од 2019 год.

Од овој вид нема обжалени предмети.

**5. Извршување на прекршочни глоби, трошоци и паушал ("ИПРК"):**

Во извештајната година судот постапуваше во вкупно 421 предмет со извршување на прекршочни глоби, трошоци и паушал („ИПРК"), од кои 12 се нерешени од претходната година. Решени се 412 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 9 предмети, сите од 2020 год.

**6. Извршување на кривични парични казни, трошоци и пушал ("ИКП"):**

Во изминатата година судот постапуваше во 56 „ИКП" предмети, од кои 9 се остаток од претходната година. Решени се 45 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 11 предмети, сите од 2020 год.

**7. Повикани лица на издржување казна затвор (полнолетни) "КУИКП" и извршување на кривични и прекршочни санкции и алтернативни мерки "ИСАМ":**

Во 2020 година во работа имаше вкупно 43 "КУИКП" предмети, од кои 16 се од претходната година, 26 се новопримени предмети и 1 повторно заведен предмет од други причини. Решени се 28 предмети, а останале нерешени 15 предмети (2 од 2017 год. 2 од 2018 год., 3 од 2019 год. и 8 од 2020 год.). Освен тоа, истата година во работа имаше и 1 "ИСАМ" предмет, остаток од претходната година, кој е решен во 2020 год.

**8. Замолници од кривична област ("ЗАМ-К"):**

Во предметната година не е примена ниту една замолница „ЗАМ-К".

***Б. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ:***

**1. Парнични предмети ("П1", "П2", "П3", "П4", "П5", "ПЛ1-П", "МАЛВП", "РО" и „РП"):**

Во 2020 година судот во работа имаше вкупно 262 редовни парнични предмети, од кои 208 се новопримени, а 54 се нерешени предмети од претходната година. Од овие предмети се решени 185 предмети, а останале нерешени 77 предмети. Заедно со повторно заведените парнични предмети (по редовен и вонреден правен лек и од други причини) во извештајната година имаше во работа вкупно 295

парнични предмети, од кои се решени 202 предмети, а нерешени останале 93 предмети, од кои редовни 77 предмети, 11 укинати по редовен правен лек (3 од 2018 год. и 8 од 2019 год.), 2 по предлози за продолжување на прекината постапка и 3 презаведени од други причини.

Во оваа година квалитетот во пресудувањето кај овој вид предмети е следниот: Решени се вкупно 202 предмети, од кои во постапка по жалба се потврдени 58 или 28,71 %, 7 или 3,46 % се преиначени, 12 или 5,94 % се укинати и 2 или 0,99 % се делумно укинати.

**2. Вонпарнични ("ВПП", "ВПП1", "ВПП2" и "ОДС"), разни вонпарнични предмети ("РВПП") и оставина по приговор ("О1"):**

Во 2020 година во работа имаше вкупно 188 редовни вонпарнични предмети, од кои 169 се новопримени, а 19 предмети се заостаток од минатата година. Од нив се решени 132 предмети, а нерешени останале 56 предмети (45 "ВПП" предмети за определување надомест за експроприрана недвижност и 11 "ВПП1" предмети за физичка делба).

Заедно со повторно заведените предмети (укинати по редовни и вонредни правни лекови исл.) во работа имаше вкупно 194 вонпарнични предмети (162 предмети за определување надомест за експроприрана недвижност, 6 за обезбедување на докази, 2 привремени мерки и 24 физички делби), од кои се решени 137 предмети, а останале нерешени 57 предмети, и тоа: 2 физички делби од 2019 год., 9 физички делби од 2020 год., 1 определување надомест за експроприрана недвижност од 2019 год. и 45 предмети за определување надомест за експроприрана недвижност од 2020 год.).

Квалитетот на одлучувањето во вонпарничните предмети е следен: Решени се вкупно 137 предмети, од кои во постапка по жалба се потврдени 27 предмети, или 19,7 %, нема преиначени и 2 или 1,45 % се укинати.

Во 2020 годна се издадени и 256 „РВПП" потврди.

Во предметната година во работа немаше „ОДС" предмети.

Судот во извештајната година имаше во работа и 28 "О1" предмети по приговор и по предлози за расправање на новопронајден имот од оставина, од кои се решени 26, а 2 предмети останале нерешени.

Од решените 26 "О1" предмети, во постапка по жалба бил само 1 предмет, кој е потврден (3,84 %).

Во 2020 година во работа имаше и 134 "ЗАВ-Х", 2 „ЗАВ" и 13 "ЗАМ-С" и 1 „ПОМ" предмет (заверки и замолници) и сите се решени.

**3. Приговори против неправилности во извршувањето ("ППНИ"), дозволи на извршител ("ИДС") и извршување по Законот за семејството ("ИЗС"):**

Во 2020 година во работа имаше 14 предмети по приговори против неправилности во извршувањето "ППНИ", од кои се решени 13, а 1 предмет останал нерешен.

Во годината што измина квалитетот на одлучувањето во овие предмети е следен: Решени се 13 "ППНИ" предмети, од кои во постапка по жалба се потврдени 2 предмети, или 15,38 %, а нема преиначени, ниту укинати предмети.

Во 2020 година судот немаше во работа „ИЗС“ и „ИДС“ предмети.

**4. Оставина (“О”)-предмети доверени на нотарите:**

Во изминатата 2020 година во работа имаше вкупно 1147 оставински предмети доверени на нотарите, од кои се решени 348 предмети, а останале нерешни 799 предмети (21 предмет е по предлози за решавање на новопронајден имот од оставина). Во истата година се примени 299 нови оставински предмети, решени се 337 редовни предмети, а нерешени останале нерешени 778 предмети. Приливот на нови оставински предмети од нотарите е совладан и се решени 38 предмети од заостатокот. Ажурноста и динамиката во решавањето на оставинските предмети од нотарите во однос на изминатите години е подобрен.

**РАБОТА СО АРХИВИРАНИ ПРЕДМЕТИ:**

Во 2020 година е одвоено потребното време на означувањето, класификувањето, средувањето, издвојувањето и депонирањето на архивираните предмети во судската архива. Во истата година е издвоен документарниот материјал со изминат рок на чување од „ПРК“ и „ИПРК“ предметите од 2007 и 2008 год. и „ПРК“ предметите од 2012 и 2013 год. и истиот, по добивање на согласност од Државниот архив-подрачна единица-Куманово, е подготвен за уништување. Во процесот на архивирање на предметите се вклучени судиите и дел од судските службеници, бидејќи во судот не е пополнето работното место „архивар“.

**КАЗНЕНА ЕВИДЕНЦИЈА:**

Во извештајната година се продолжи со редовното внесување на податоците во казнената евиденција во електронска форма, согласно со Правилникот за начинот на водењето, уредувањето и чувањето на казнената евиденција ("Сл. в.на РМ, бр.111/14).

**II. Извештај за човечки ресурси:**

**Организациската поставеност и систематизација (судии и други вработени):**

Основниот суд Крива Паланка е суд со основна надлежност во смисла на чл.30 од Законот за судовите, основан за подрачјето на Општините Крива Паланка и Ранковце. Работата во судот беше организирана во два оддели-кривичен и граѓански, со вкупно 6 (шест) судии, вклучувајќи го и претседателот на судот, колку што се и систематизирани со одлуката на Судскиот совет на Република Македонија од 26.11.2015 год. На кривичниот и на граѓанскиот оддел се распоредени по тројца судии. Судско-административната работа во рамките на одделите се извршува во следните судски писарници: приемна писарница (прием на поднесоци, писмена итн. за двата оддели); кривична (полнолетни) писарница; прекршочна писарница; писарница за извршување на кривичните санкции; писарница за извршување на прекршочните санкции; писарница за казнена евиденција; парнична писарница и вонпарнична и оставинска писарница. Доставната служба

службата за информатика, службата за финанасиско и материјално работење, судската полиција и техничкиот и помошниот персонал се организирани како логистика за работата на двата судски оддели, односно судот во целина. Во текот на годината, во судската служба на судот беа вработени вкупно 24 лица, од кои: 1 раководител на судски оддел, 1 советник (информатичар), 1 помлад соработник (информатичар), 6 судски соработници, 3 самостојни судски референти (сметководител, прием и експедиција на судска пошта и водител на кривичната (полнолетни) писарница и писарницата за извршување на кривичните санкции), 1 виш судски референт (благајник), 4 судски референти (дактилографи), 1 помлад судски референт (извршител на работи и задачи во судска прекршочната и писарницата за извршување на прекршочните санкции), 2 помлади судски референти-доставувачи, 3 припадници на судската полиција (во судот не е назначен командир на судската полиција) и 1 хигиеничар. Со завршување на 2020 год. судската служба на судот остана со вкупно 24 вработени. Состојбата со работните места во судските писарници и судската полиција е сериозно загрозена, бидејќи во писарниците се пополнети само работните места на самостојниот судски референт за прием и експедиција на судска пошта и на самостојниот судски референт-водител на кривичната (полнолетни) писарница, додека останатите писарници (парнична, вонпарнична, прекршочна писарница, писарница за извршување на прекршочните санкции итн.) се без водители и воопшто без ниту еден вработен, со исклучок на прекршочната и писарницата за извршување на прекршочните санкции, на кои две писарници работи само еден судски службеник-помлад судски референт, кој со оглед на обемот и сериозноста на работата, со големи напори ги извршува поставените работи и задачи. Судската полиција функционира без командир и со само тројца припадници и поради тоа нивната работа не може да се организира согласно со чл.328 од Судскиот деловник. Истовремено, во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Крива Паланка, СУ.бр.60/15 од 17.02.2015 год. и СУ.бр.265/18 од 08.11.2018 год. за судската служба се предвидени вкупно 59 работни места, од кои: 47 за судски службеници (5 раководни, 14 стручни и 28 помошно-стручни судски службеници), 5 за вршење на технички и помошни работи (1 хаусмајстор-одржувач на систем за топловодно греење, 3 хигиеничари и 1 возач) и 7 за судската полиција (командир, заменик-командир и 5 припадници на судската полиција).

2. **Планирани и реализирани вработувања:**

За овој суд во Единствениот годишниот план за вработување, за жал и за 2020 година не беа планирани нови вработувања.

3. **Споредба на планирани и реализирани обуки на вработените. Оценка на ефектите од обуките во смисла на подобрен квалитет на обуките, посебно во примената на процесното и материјалното право:**

Обуките на вработените во Основниот суд Крива Паланка се одвиваа согласно со Планот и календарот на обуките на Академијата за судии и јавни обвинители-Скопје во вонредни услови, поради пандемијата со Ковид-19. На обуките зедоа непосредно и онлајн учество

судиите и судските службеници од кривичниот и граѓанскиот оддел. Особено корисни за судиите од кривичниот оддел беа обуките на тема: "Промоција на Прирачник за спроведување на мерките за следење на комуникациите", "Спроведување на мерките за следење на комуникациите", "Член 4 од Протоколот 7 на ЕКЧП (забрана на двојно судење)", "Трговија со луѓе", „Криминал од омраза", а за судиите од граѓанскиот оддел обуките на темите: "Определување на висината на надоместот на штета-обична штета и изгубена добивка при вондоговорна и договорна одговорност за штета" и "Право на сопственост-напредно ниво". За судските службеници од посебен интерес беа обуките и работилниците на тема „Зајакнување на капацитетите на судовите", „Примена на Законот за судска служба-вработување во судската служба и унапредување", „Еднаков пристап за ефективна правда", „Онлајн судења за време на пандемијата со Ковид-19-легислатива, ИТ-пречки и предизвици", итн. Обуките беа реализирани согласно со специјализацијата, пројавениот интерес и афинитети на судиите и судските службеници, како и потребите на работниот процес на судот.

**III. Извештај за усогласување на судска пракса**

1. Извештај за одржани состаноци во врска со усогласување на судската пракса на ниво на оддели, колегиуми и судови, заземени ставови за усогласување на судската пракса:

Основниот суд Крива Паланка нема оддел за судска практика. Карактеристичните прашања околу примената на прописите, како и изнесените правни мислења во одлуките на повисоките судови редовно се изнесуваат (најмалку еднаш месечно) на седниците на судиите и седниците на кривичниот и граѓанскиот оддел.

**IV. Извештај за односи со јавност**

1. Број на примени и одговорени барања од Канцеларијата за односи со јавноста:

До Канцеларијата за односи со јавноста на судот во текот на 2020 год. не се поднесени барања.

2. Број на примени и одговорени барања по Закон за слободен пристап до информации, начин на постапување и одговарање:

Во 2020 година се поднесени вкупно 18 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, во писмена и електронска форма. Информациите до барателите се доставени во писмена форма и на E-mail во законскиот рок. До сега во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер не се поднесени жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. По барањата постапува определеното службено лице-судски соработник, кој одговорите ги дава по извршени проверки во судските писарници и консултации со раководителот на судски оддел, судиите, претседателите на одделите и претседателот на судот.

3. Број на објавени одлуки на интернет на WEB-страната на судот, фактори кои влијаат на објавите на интернет:

Во 2020 година од страна на Основниот суд Крива Паланка се објавени вкупно 260 одлуки. Анонимизираните одлуки се објавуваат преку модулот за анонимизација и публикација вграден во АКМИС и се наоѓаат на новиот портал на Основен суд Крива Паланка, до кој може да се пристапи преку wwwhttp://www.oskrpalanka.mk/.http://www.oskrpalanka.mk/oskrpalankahttp://www.oskrpalanka.mk/.http://www.oskrpalanka.mk/mkhttp://www.oskrpalanka.mk/.

Меѓутоа, модулот за анонимизација во АКМИС не е целосно во функција, бидејќи истиот само ги определува одлуките за анонимизација, додека самата анонимизација се врши рачно од судските соработници. Прикачувањето на одлуките на WEB - страната на судот се одвива отежнато, бидејќи АКМИС ги презентира за анонимизација сите судски одлуки, а не само правосилните.

Објавени соопштенија за јавност, прес-конференции, јавни настани, отворени денови организирани од судот:

Во 2020 год. во Основниот суд Крива Паланка, поради пандемијата со Ковид-19 немаше активности во поглед на јавни настани, отворени денови, соопштенија за јавност и прес-конференции.

**V. Извештај за информатички технологии**

Извештај за активностите во делот на ИКТ

Во 2020 година се преземани следните активности во делот на ИКТ:

1. Детална проверка, дијагностика и решавање на компјутерски проблеми;
2. Тековно одржување на хардверската опрема со која располага судот;
3. Одржување на судската мрежа;
4. Контрола на работата на антивирусната програма инсталирана на комјутерите;
5. Секојдневна помош на судските службеници во работата при случаи на појавени проблеми во програмата АКМИС;
6. Ажурирање на WEB-страната на судот, со контрола за редовно објавување на анонимизираните одлуки и соопштенија и информации од јавен карактер;
7. Изработка на месечен извештај за бројот на тонски снимања кои се одржани во граѓанскиот оддел, извештај за вкупниот број на тонски снимања на рочишта по судии, бројот на извршени електронски достави во месецот, вкупниот број на донесени и објавени анонимизирани одлуки на web-страната на судот;
8. Редовна проверка на e-mail адресите кои ги користи судот и проследување на писмената до и од судот;
9. Дневен Backup на SQL базата од програмата АКМИС;
10. Backup процедура на виртуелните машини kriosdc01, kriosdc02, kriossql и kriosapp. Дневна копија од спроведената backup процедура од претходниот ден на надворешен диск;
11. Заштита на податоците преку одржување на Backup процедура;
12. Инсталација на потребен софтвер и драјвери;

13. Скенирање на поголемите поднесоци кои се доставени до приемното одделение преку системот за електронски прием на поднесоци;

14. Генерирање на извештаи во АКМИС, или извлекување на разни статистички податоци од самата база на податоци на овој софтвер;

15. Администрирање на e-mail адресите кои се под домен на oskrpalanka.mk, исл.

1. Примена на програмски апликации во судот, што е сменето, доградено, воочени проблеми, предлози за подобрување.

Во Основниот суд Крива Паланка работата се одвива целосно во програмата АКМИС, од приемот на поднесокот, до изготвувањето на одлуките, евиденцијата на редовните и вонредните правни лекови и одлуките донесени по нив. Последната верзија на АКМИС, која е инсталирана од "ЕдуСофт" е 5.7.0.36 од 25.12.2020 год.

Граѓанските рочишта се проследени со тонски снимања преку програмата "ФЕМИДА".

Од април 2016 година во програмата АКМИС е додаден модулот за анонимизирање на судските одлуки, преку кој се извршува анонимизирањето и публикувањето на анонимизираните одлуки.

За приемот и доставата на поднесоците се користи системот за електронски прием на поднесоци преку кој се внесуваат поднесоците во скенирана форма во АКМИС.

Во сметководството се користи програмата АБМС-Автоматизиран Буџетски Менаџмент Систем, која навремено се доградува и служи за работа со основните средства, пресметката на плати, персоналната евиденција на вработените, материјалното и магацинското работење и финансиското и буџетско работење. Во сметководството се користи и програмата МПИН - Месечна Пресметка За Интегрирана Наплата, со која се добива декларација за исплата на плати, придонеси и персонален данок на вработените. Сите нејзини надградби се симнуваат и инсталираат од WEB-страната на Управата за јавни приходи.

На компјутерите кои се прикачени во мрежата на Основниот суд Крива Паланка е инсталирана антивирусната програма Kaspersky Endpoint security for Windows.

Работата на компјутерите кои имаат мала количина на RAM меморија (512MB-2GB) е видно успорена со инсталација на антивирусниот пакет кој се користи. Потребна е надоградба на RAM меморијата на тие компјутери до барем 2GB RAM меморија за побрзо функционирање на истите, се' со цел да нема успорување во текот на работата. Надоградбите на програмата Kaspersky Endpoint Security for Windows, за компјутерите кои имаат оперативен Windows XP веќе не примаат закрпи (од 10.07.2020 година па наваму, Kaspersky ја напушта подршката на нивната платформа за антивирусна заштита под EOL оперативен систем Windows XP и воедно тие работни станици се потенцијален ризик од безбедносен аспект).

Официјалната подршка со надоградби исл. на оперативниот систем Windows XP, кој се користи на повеќето компјутери во судот заврши на 8 Април 2014 година и со тоа целосно се зголемува нивото на потенцијални ризици од безбедносен аспект.

Официјалната продолжена подршка на оперативниот систем

Windows Server 2008 R2 Enterprise, кој се користи на VM машините на серверот во судот заврши на 14.01.2020 година, во догледен период треба да се направи план за префрлање на нова платформа која ќе може да ги опслужи тековните програмски пакети кои се користат.

Со оглед на тоа дека на дел од дисковите кои се користат од стана на серверот на кој се покренати виртуелните машини пројавуваат грешки во логовите, треба да се направи замена на дел од дисковите сместени во серверот кој се користи.

Во 2020 набавени се нови компјутери, принтери и скенер и добар дел од старата опрема е заменета.

За 2021 година треба да се размислува за комплетна смена на сите работни станици кои користат оперативен систем Windows XP и останатата амортизирана опрема.

**Извештај за опременост и одржување на зградата на судот**

1. Анализа на состојбата и предлози за подобрување:

Зградата на Основниот суд Крива Паланка е изградена пред 49 години. Истата е опремена со сопствен систем за топловодно греење од 1998 год., кој е реконструиран во 2003 и 2009 година. Во 2003 год. е извршена надградба со изградба на уште еден-IV кат и обновување на фасадата. Влезната партија е доуредувана во 2003 год. и 2009 год., со изградба на настрешница и пристапна патека за лица со посебни потреби (истата е без ограда), која во 2020 година е отстранета поради изградба на новиот градски плоштад. Во 2015 год. на влезната партија е уреден простор за паркирање на велосипеди, согласно со законските задолженија. Едношалтерскиот систем е уреден во 2009 год. Старите прозорци се заменети со нови, изработени од алуминиумски профили и термопан стакло, а во 2020 година преостанатите стари прозорци во судиницата I на првиот кат, како и судницата IV и една работна просторија на вториот кат се заменети со нови-изработени од ПВЦ профили и термопан стакло. Серверската просторија се наоѓа на првиот кат (преуреден дел од ходникот), со инсталирани два климатизери. Најголем дел од судските простории се климатизирани. Метал-детекторот на влезот од зградата, кој е донација на УСАИД, не е во функција повеќе од седум години, бидејќи дефектниот дел не може да се набави на нашиот пазар (истиот е од американско производство). Архивата на судот е сместена во подрумските простории и истата во еден дел е опремена со метални ормари, а во 2015 година е средувана и доуредена со метални полици. Судот е опремен со уреди за противпожарна заштита, кои се обновени и испитани во 2017 година. Во истата година е извршена и помала реконструкција на електричната инсталација, со поставување на автоматски осигурувачи. Основното јавно обвинителство Крива Паланка ги користи сите простории на вториот кат, со исклучок на една работна просторија и судницата IV. Напојувањето со електрична енергија на Основното јавно обвинителство Крива Паланка е одделено од судот, меѓутоа овој орган го користи судското топловодно греење и санитерниот јазол, без учество во надоместот на трошоците. Обвинитеството користи и една подрумска просторија за својата архива. Просториите во судската зграда не се варосувани над 20 години, освен осум простории и ходникот на третиот

кат, кои се варосани во јули 2016 год., кога е реконструиран амортизираниот под на четири работни простории, со поставување на ламинатен под, а во во текот на 2017 година се варосани и просториите на четвртиот кат. Во 2016 год. е извршена поправка на доводната мрежа од санитарниот јазол на четвртиот кат. Во првата половина од 2018 год. се набавени 10 нови канцелариски фотелји, а во втората половина на 2018 година е извршена адаптација на дел од административниот простор на третиот кат со уредување на два судиски кабинети, поставени се нови 10 врати и ламинатен под во три работни простории, кабинетот на претседателот на судот и работната просторија на неговиот технички секретар, како и ходникот и извршено е преуредување на санитарниот јазол на овој и на првиот кат. Во 2020 година е набавен и инсталиран нов систем за видео-надзор.

Заради подобрување на просторните услови се предлага извршување на следните работи:

-Поправка или замена на метал-детекторот на влезот од судската зграда;

-Варосување на судскиот простор на приземјето, првиот и вториот кат;

-Набавка на нови метални архивски ормари или полици, за сместување на дел од архивираните граѓански предмети;

-Реконструкција на кровната конструкција на судската гаража;

-Набавка на 20 нови канцелариски столици (фотелји), и

-Сервисирање на противпожарните апарати.

## VII. Проценка на безбедносната состојба на вработените и странките, предметите во судот. Споредба на тековната опременост со стандардната:

Безбедносната состојба на вработените, странките и предметите во судот задоволува. За безбедноста со големи напори се грижат преостанатите тројца припадници на судската полиција. Во текот на работното време е потребно присуство на двајца припадници на судската полиција, што со сегашниот нејзин состав не е возможно да се организира. Судската полиција нема командир, а со негово назначување и со вработување на уште најмалку еден припадник ќе се овозможи прописно организирање на нејзината работа.

Судот поседува метал-детектор, кој се наоѓа на влезот од судската зграда, но не е во функција повеќе од 7 години, поради дефект, па е нужно негово оспособување, или замена. Дефектот досега не е отстранет, бидејќи делот кој треба да се замени не може да се најде на нашиот пазар (метал-детекторот е од американско производство).

Климатизерите во серверската просторија се заменети со нови во 2017 год., па е неопходно нивно испитување и оценување на потребата од евентуална нивна замена, за да се обезбеди оптимална работна температура и непречени услови за функционирање на електронската опрема.

Опремата за противпожарна заштита не беше испитана повеќе од 8 години и во текот на 2017 год. тоа е сторено, но е неопходно нејзино редовно сервисирање.

Судската зграда и во 2020 год. беше осигурана.

**VIII. Извештај за јавни набавки-извршени и планирани**

1. Централизирани, предмет на набавка:

Во 2020 год. се спроведени четири централизирани јавни набавки, и тоа: за набавка на стоки-хартија за печатење (постапката за јавна набавка е спроведена од Апелациониот суд Скопје), за интернет услуги, за услуги од фиксната телефонија и за услуги од мобилната телефонија (овие три постапки се спроведени од Судскиот совет на Република С. Македонија).

2. Сопствени набавки, број на огласи, избрани добавувачи по предмет на набавка, вредност на набавките:

Во извештајната година Основниот суд Крива Паланка спроведе постапка за јавна набавка по следните огласи:

1. Оглас бр.01589/2020 за јавна набавка на гориво „ЕУРОДИЗЕЛ БС“ (Д-Е-В), во количество од 1.900 литри, за службените патнички моторни возила, по кој е склучен договор за јавна набавка со економски оператор-Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати “Макпетрол”-Скопје, со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во износ од 109.230,00 ден.;

2. Оглас бр.01491/2020 за јавна набавка и испорака на масло за горење-ЕЛ (екстра-лесно), во количество од 12.000 литри, по кој е склучен договор за јавна набавка со економски оператор-Друштво за производство, промет и услуги “Супертрејд”, ДООЕЛ, увоз-извоз, Скопје, со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во износ од 466.996,00 ден.;

3. Оглас бр.01776/2020 за јавна набавка на канцелариски материјали и печатени обрасци, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор-Друштво за трговија, производство и услуги “Опиком”, Санде Стојановски, ДООЕЛ, увоз-извоз, Пробиштип, со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во вкупен износ од 91.810,00 ден.;

4. Оглас бр.02756/2020 за јавна набавка на 12 компјутерски конфигурации - конфигурација А, 3 компјутерски конфигурации-конфигурација Б, 1 скенер и 12 принтери, по кој се склучени договори за јавна набавка со следните економски оператори:

-Друштво за производство, услуги и трговија “БОКИ КОМПЈУТЕРИ”, ДООЕЛ, увоз-извоз, Струмица, за набавка на конфигурациите А и Б, со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во вкупен износ од 443.100,00 ден.;

-Производно-услужно друштво “СЕТЕК Се од Техника”, ДОО, увоз-извоз, Скопје, за набавка на скенер, со вредност на договорот, со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 24.675,00 ден., и

-Друштво за производство, промет, трговија и услуги “ТРИНИКС”, ДООЕЛ, Скопје, за набавка на 12 принтери, со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во вкупен износ од 115.500,00 ден.;

5. Оглас бр.16330/2020 за јавна набавка на опрема за видео-надзор -безбедносни камери, нивна испорака и монтажа, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор-Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги “ИДС-КОМ”, ДООЕЛ, експорт-импорт, Куманово, со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во вкупен износ од 186.185,00 ден., и

6. Оглас бр.16801/2020 за јавна набавка на ПВЦ прозорци, нивна испорака и монтажа, со претходна демонтажа на постоечките прозорци во простории на првиот и вториот кат од судската зграда, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор-Друштво за проектирање, градење и трговија "СИМАК-ИНЖИЊЕРИНГ", Јованка, ДООЕЛ, Скопје, со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во вкупен износ од 287.849,00 ден.

Сите наведени јавни набавки се содржат во Планот за јавни набавки за 2020 година.

## IX. Извештај за извршување на буџет на судот и финансиска анализа

1. Направени трошоци на судот во споредба со планираниот буџет:

Во периодот од 01.01.2020 год. до 31.12.2020 година направени се расходи во вкупен износ од 20.927.092,00 ден., од кои најголем дел, и тоа во износ од 12.978.362,00 денари за плати, додатоци на плати и данок на доход од плати и надоместоци, 5.034.743,00 денари за придонеси од плати и 36.300,00 денари за надоместоци за дежурства на вработените.

Трошоците за материјални расходи на судот во 2020 година се во вкупен износ од 1.725.249,00 денари, од кои 1.701.732,00 денари од буџетската сметка и 23.517,00 денари од сметката за приходи финансирани од органи (сметка 631-10).

За исплата на испратнини при пензионирање на вработени, поточно на еден вработен во 2020 година се исплатени средства во износ од 51.574,00 денари, како и исплатени се средства во износ од 45.000,00 денари на име солидарна помош поради смрт на член на семејство на тројца вработени.

За капитални инвестиции во текот на 2020 година беа потрошени средства во износ од 1.055.864,00 денари, и тоа за набавка на систем за видео надзор во судот, за набавка на компјутерка опрема (компјутери, принтери и скенер) и за замена на прозорци од две судници, ходник и една просторија, која во моментот се користи како дел архивата на судот.

Планираниот буџет за 2020 година изнесуваше 23.432.000,00 денари, од кои најголем дел, и тоа 18.320.000,00 денари беа планирани за исплата на плати, придонеси од плати и даноци од плати и надоместоци на вработените, како и за плати за нови вработувања. Останатиот износ од планираниот буџет во износ од 3.172.000,00 денари беше предвиден за материјални расходи и 1.940.000,00 за капитални расходи на судот.

Со годишната распределба на буџетот за 2020 година од страна на Судскиот буџетски совет на Основниот суд Крива Паланка му беа одобрени средства во вкупен износ од 21.267.977,00 денари, (20.012.113,00 денари на буџетската сметка на судот 603, и 1.255.864,00 денари на сметката за приходи финанасирани од органи 631) од кои за плати, придонеси од плати, даноци од плати и надоместоци во износ од 18.049.539,00 денари, за материјални расходи износ од 2.066.000,00 ден., од кои 1.911.000,00 ден. одобрени од буџетската сметка на судот и 155.000,00 ден. одобрени од сметката 631 - приходи финансирани од

органи (сопствени приходи). За исплати на испратнини при пензионирање, како и други разни трансфери на вработени беа одобрени средства во износ од 96.574,00 денари и за капитални расходи 1.055.864,00 денари.

Заклучно со 31.12.2020 година Основниот суд Крива Паланка има вкупно неподмирени обврски во износ од 1.695.436,00 денари, од кои:

-1.579.781,00 денари се обврски спрема вработените и истите претставуваат пресметани, но неисплатени плати, придонеси и данок од плати за месец Декември 2020 година;

-1.556,00 денари се обврски спрема вработените за неисплатени надоместоци за дежурства и данок од дежурства за месец Декември 2020 година;

- 6.667,00 денари се обврски спрема еден судија поротник и данок на доход за судијата поротник, и

-107.432,00 денари се неподмирени обврски спрема добавувачи во земјата и истите се прикажани во подолунаведениот преглед.

ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА – Преглед на неподмирени обврски заклучно со 31.12.2020 година:

| Ред бр. | КОМИНТЕНТ | ДОКУМЕНТ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1 | Анкица Димитровска (дежурства за м.12/2020 г.) | 12-2020 | 500,00 ден. |
| 2 | Станка Давитковска (дежурства за м.12/2020 г.) | 12-2020 | 300,00 ден. |
| 3 | Орце Јанковски (дежурства за м.12/2020 год.) | 12-2020 | 600,00 ден. |
| 4 | Данок на доход од дежурства за м.12/2020 год. | 12-2020 | 156,00 ден. |
| 5 | ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје | 1106280288-0 | 34.350,00 ден. |
| | ЈП Комуналец Крива Паланка | 201200816 | 9.054,00 ден. |
| 6 | Македонска пошта АД Скопје | 27961/003 | 45.887,00 ден. |
| 7 | А1 Македонија ДООЕЛ Скопје | 104707877051 | 2.823,00 ден. |
| 8 | А1 Македонија ДООЕЛ Скопје | 104718406789 | 531,00 ден. |
| 9 | Македонски телеком АД Скопје | 293168012021 | 807,00 ден. |
| 10 | Макпетрол АД Скопје | 569140 | 2.700,00 ден. |
| 11 | Опиком ДООЕЛ Пробиштип | 05-124/2020 | 3.540,00 ден. |
| 12 | Пани Маркет ДООЕЛ Крива Паланка | 101-1/200032 | 2.793,00 ден. |
| 13 | Сет-Унион ДОО Штип | 46-1/200340 | 4.947,00 ден. |
| 14 | Дане Петровски Кр.Паланка (судија-поротник) | 18.08.20-28.12.20 | 6.000,00 ден. |
| 15 | Данок на доход за судија-поротник Дане Петровски | 18.08.20-28.12.20 | 667,00 ден. |
| 14 | Плати, придонеси, и данок за м.12/2020 година | 12-2020 | 1.579.781,00 ден. |
| | | | |
| | **В К У П Н О** | | **1.695.436,00 ден.** |

2. Споредба на остварена цена на чинење на судски предмет во споредба со планираното.

Во октомври 2015 год. е отпочнат процесот на надградба на Автоматизираниот буџетски менаџмент систем (АБМС), со инсталирање на нов модул за пресметка на цената на чинење на судските предмети. Овој процес сеуште не е завршен и наведениот модул не е оперативен.

Поради тоа, и за 2020 год. Основниот суд Крива Паланка не беше во можност да ја утврди цената на чинење на одделните судски предмети.

3. Финансиска анализа за направени трошоци, задолженост на судот, реализација на план за отплата на долговите.

Освен горенаведените ненамирени тековни обврски кои се однесуваат за месец декември 2020 година, кои ќе бидат подмирени во текот на месец јануари 2021 година, судот нема други обврски во поглед на отплата на долгови.

Претседател на судот,
Љубица Цветковска Стојановска